Врз основа на член 5 точка 8 од Законот за платен промет ("Сл.весник на РМ" бр. 32/01, 50/01, 52/01,103/01, 37/02, 41/02 и 61/02), член 29 став 2 и член 64 точка 22 од Законот на Народна банка на Република Македонија ("Сл.весник на РМ" бр.3/2002 ), Советот на Народна банка на Република Македонија на својата II седница, одржана на 19.03.2003 година, донесе

# ОДЛУКА

## за вршење на надзор над работењето на банките и други институции кои даваат услуги во платниот промет („Службен весник на Република Македонија" бр.22/03)

### I . Општи одредби

1. Со оваа Одлука се пропишува предметот и начинот на вршење на надзор над законитоста на работењето на банките и другите институции кои даваат услуги во платниот промет во земјата како и постапката за превземање мерки за отстранување на утврдените неправилности.

Под неправилности во смисла на оваа Одлука се подразбираат активности на банките и другите институции кои даваат услуги во платниот промет што го оневозможува ефикасното и сигурно вршење на платниот промет во рамките на нивниот систем, како и ефикасното и сигурно вршење на платниот промет во целина.

### II. Предмет на надзорот

2. Предмет на надзорот од точка 1 од оваа Одлука е:

-вршење на работите на платниот промет во земјата согласно прописите и

- континуитетот во исполнувањето на критериумите за издавање на дозвола за вршење на платен промет во земјата.

### III. Начин на вршење на надзорот

3. Надзорот над работењето на банките и другите институции кои даваат услуги во платниот промет, Народна банка на Република Македонија (во натамошниот текст: Народна банка) го остварува преку:

а) посредно следење на вршењето на платниот промет во земјата и

б) непосредно следење на вршењето на платниот промет во земјата.

4. Надзорот од точка 3 подточка а) од оваа Одлука се врши перманентно, вонтеренски, преку прибирање, анализа и потврда на извештаи кои ги доставуваат банките и другите институции кои даваат услуги во платниот промет во Народна банка, согласно постојните прописи и на посебно барање на Народна банка.

5. Надзорот од точка 3 подточка б) се врши со увид кај самата банка и институцијата која дава услуги во платниот промет и може да биде:

- делумен, заради потврда на наодите од вонтеренскиот надзор, како и непосреден надзор на извршувањето на платниот промет;

- делумен, врз основа на укажување на учесник во платен промет за настанати пропусти во работењето на банката и другите институции кои даваат услуги во платниот промет за кое Народна банка ќе оцени дека е основано и

- целосен, со предмет на надзор согласно точка 2 на оваа Одлука.

6. Надзорот се врши на основа на решение од гувернерот на Народна банка со кое се определува предметот на надзорот и овластените работници за вршење на надзорот.

7. Банката и институцијата која дава услуги во платниот промет е должна да обезбеди услови за непречено вршење на надзорот од страна на овластените работници на Народна банка.

8. За состојбите утврдени со надзорот, овластените работници изготвуваат записник и го доставуваат до работоводниот орган и управниот одбор на банката и на институцијата која дава услуги во платниот промет.

9. Банката и институцијата која дава услуги во платниот промет има право на приговор на записникиот во рок од 5 дена од денот на приемот на записникот.

## IV. Преземање мерки за отстранување на утврдени неправилности во вршењето на платниот промет во земјата

10. Доколку со надзорот се утврдат неправилности во вршењето на платниот промет во земјата, Народна банка може и во текот на вршењето на надзорот и по негово завршување:

- да даде препорака за нивно отстранување до банката и другите институции кои даваат услуги во платниот промет;

- да побара од банката и другите институции кои даваат услуги во платниот промет, во одреден рок да ги отстрани неправилностите утврдени со надзорот;

- да превземе други мерки, согласно законските и подзаконските акти кои го регулираат платниот промет во земјата и

- да ја укине дозволата за вршење на платен промет во земјата.

11. Оваа Одлука влегува во сила осум дена по објавувањето во "Службен весник на Република Македонија"

О.бр.02-15/II-15/2003
19 март 2003 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
**Љубе Трпески**